# С Л У Ж Б Е Н  Г Л А С Н И К
# НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

**Службен гласник на Општина Велес**
Излегува по потреба

**Број 1 година XLV**

**22 јануари 2009**


**1.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2009 година**

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2009 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 14.01.2009 година.

Број 08-340/4
22.01.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр 5/02), член 23, став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.61/04,96/04 и 67/07) и член 45, став 1 од Стаутот на Општина Велес(„Сл гласник на Општина Велес" бр.12/06), Советот на Општина Велес на седница одржана на 14.01. 2009 год.донесе

**ОДЛУКА**
**за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2009 година**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2009 година („Сл гласник на Општина Велес" бр.20/08), се врши изменување и дополнување каде што членовите со реден број 13, 14 и 16 се бришат.

**Член 2**

После член 12 се додава нов член 13 кој гласи:

**„Член 13**

Надоместокот за превоз и надоместокот за оброк ќе бидат внесени во бруто платата на вработените“.

Понатаму членот 15, станува член 14, а останатите се намалуваат за два.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес” и истата ќе биде доставена до Министерството за финансии Скопје.

Број 07-158/4
15.01.2009 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

**2.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за утврдување на приоритет и учество во изградба на систем за водоснабдување во село Џидимирци**

Се објавува Одлуката за утврдување на приоритет и учество во изградба на систем за водоснабдување во село Џидимирци, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 14.01.2009 година.

Број 08-340/5
22.01.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1,точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 14.01.2009 година донесе,

**О Д Л У К А**
**за утврдување на приоритет и учество во изградба на систем за водоснабдување во село Џидимирци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес го утврдува приоритетот на проектот на системот за водоснабдување во село Џидимирци и учество на учесниците во изградбата.

**Член 2**

Средства за Проектот за изградбата на системот за водоснабдување во село Џидимирци во износ од 1.000.000 денари треба да бидат обезбедени од Програмата за ревитализација на селата во 2009 година („Сл. весник на РМ“ бр.3/09).

Општина Велес доколку се обезбедат средствата од Програмата за ревитализација на селата во 2009 година ќе учествува со сопствени средства во висина од 400.000 денари од Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на територијата на Општина Велес за 2009 година од ставката уредување на простор во рурални подрачја и учество на месната заедница во износ од 400.000 денари со работна рака .

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник” на Општина Велес.

Број 07-158/5
15.01.2009 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

**3.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за разгледување на Информација за соработката на НВО и Општина Велес**

Се објавува Заклучокот за разгледување на Информација за соработката на НВО и Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 14.01.2009 година.

Број 08-340/3
22.01.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 14.01.2009 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за разгледување на Информација за соработката на НВО и Општина Велес**

1. Советот на Општина Велес ја разгледа Информацијата за соработката на НВО и Општина Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-158/3
15.01.2009 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

**4.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за не усвојување на Решение за запирање од објавување на Решението за разрешување и именување претставници на Општина Велес-членови на Училишниот одбор на Општинското основно училиште „Стојан Бурчевски-Буридан“ с.Иванковци**

Се објавува Заклучокот за не усвојување на Решение за запирање од објавување на Решение за разрешување и именување на претставници на Општина Велес – членови на Училишниот одбор на Општинското основно училиште „Стојан Бурчевски-Буридан“ с.Иванковци, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 14.01.2009 година.

Број 08-340/1
22.01.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15, а во согласност со член 51, став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.01.2008 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за не усвојување на Решение за запирање од објавување на Решението за разрешување и именување на претставници на Општина Велес – членови на Училишниот одбор на Општинското основно училиште „Стојан Бурчевски-Буридан“ с.Иванковци**

1. Советот на Општина Велес не го усвои Решението за запирање од објавување на Решение за разрешување и именување на претставници на Општина Велес-членови на Училишниот одбор на Општинското основно училиште „Стојан Бурчевски-Буридан“ с.Иванковци, донесено од Градоначалникот на Општина Велес бр. 08-6888/1 од 31.12.2008 година („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.20/08).

2. Се потврдува Решението за разрешување и именување на претставници на Општина Велес-членови на Училишниот одбор на Општинското основно училиште „Стојан Бурчевски-Буридан“ с.Иванковци со бр. 07-6821/15, донесено од Советот на Општина Велес од 26.12.2008 година.

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-158/1
15.01.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 124, став 2 и 3 од Законот за основното образование („Сл.весник на РМ” бр.103/08) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес” бр.12/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 26.12.2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување претставници на Општина Велес- членови во Училишниот одбор на Општинското основно училиште „Стојан Бурчевски Буридан” с.Иванковци**

1. Од должноста членови во Училишниот одбор на Општинското основно училиште „Стојан Бурчевски Буридан” с. Иванковци се разрешуваат:

-Мишо Јакимовски
-Сашко Петров

2. За членови во Училишниот одбор на Општинското основно училиште „Стојан Бурчевски Буридан” Иванковци претставници од Општина Велес, се именуваат:

- Ласте Пешовски од с. Мамутчево и
- Пандорка Стојановска од с. Иванковци

3.Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-6821/15
26.12.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

**5.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за разрешување и именување на претставник на Општина Велес-член во Училишниот одбор на Општинското средно училиште „Јовче Тесличков" Велес**

Се објавува Решението за разрешување и именување на претставник на Општина Велес – член во Училишниот одбор на Општинското средно училиште „Јовче Тесличков" Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 14.01.2009 година.

Број 08-340/2
22.01.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 39, став 2 и 5 од Законот за изменување и дополнување на законот за средното образование („Службен весник на РМ" бр.3867/04) член 45, став 1 од Статотот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 14.01.2009 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување на претставник на Општина Велес – член во Училишниот одбор на Општинското средно училиште „Јовче Тесличков „Велес**

1. Од член на Училишниот одбор - претставник на Општина Велес во Училишниот одбор на Општинското средно училиште „Јовче Тесличков „Велес, се разрешува

- Горданчо Стојчевски

2. За член на училишниот одбор - претставник на Општина Велес во Училишниот одбор на Општинското средно училиште „Јовче Тесличков „Велес, се именува

-Александар Табаков - професор

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-158/2
15.01.2009 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

**Бр на акт** **Страница**


| | | |
|---|---|---|
| 1 | **З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2009 година**<br><br>**ОДЛУКА за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2009 година** | 1 |
| 2 | **З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за утврдување на приоритет и учество во изградба на систем за водоснабдување во село Џидимирци**<br><br>**О Д Л У К А за утврдување на приоритет и учество во изградба на систем за водоснабдување во село Џидимирци** | 2 |
| 3 | **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за разгледување на Информација за соработката на НВО и Општина Велес**<br><br>**З А К Л У Ч О К за разгледување на Информација за соработката на НВО и Општина Велес** | 2 |
| 4 | **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за не усвојување на Решение за запирање од објавување на Решението за разрешување и именување претставници на Општина Велес-членови на Училишниот одбор на Општинското основно училиште „Стојан Бурчевски-Буридан“ с.Иванковци**<br><br>**З А К Л У Ч О К за не усвојување на Решение за запирање од објавување на Решението за разрешување и именување на претставници на Општина Велес – членови на Училишниот одбор на Општинското основно училиште „Стојан Бурчевски-Буридан“ с.Иванковци**<br><br>**Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување претставници на Општина Велес- членови во Училишниот одбор на Општинското основно училиште „Стојан Бурчевски Буридан” с.Иванковци** | 3 |
| 5 | **З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за разрешување и именување на претставник на Општина Велес-член во Училишниот одбор на Општинското средно училиште „Јовче Тесличков“ Велес**<br><br>**Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на претставник на Општина Велес – член во Училишниот одбор на Општинското средно училиште „Јовче Тесличков „Велес** | 4 |

Издавач: Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00